МАКСТАТ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
ENTI SHTETËROR PËR STATISTIKË
Бр.-Nr. 03-118/1
17.01. 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

CAM CHAMBER OF ACCOUNTANTS MACEDONIA

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## склучен помеѓу

1. Комора на сметководители, претставувана од Благоја Грозданов , од една страна (КС) и
2. Државниот завод за статистика, со адреса на ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, претставуван од д-р Дејан Станков, директор, од друга страна (ДЗС), во понатамошниот текст „страните“.

## ЦЕЛ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА

### Член 1

1. Меморандумот се склучува со цел меѓусебно разбирање, поттикнување и обезбедување на сите облици на соработка, размена на публикации, промотивни материјали, како и организирање работни средби за давање предлози за изменување и дополнување на релевантните закони и подзаконски акти.

2. Меѓусебната соработка на Страните ќе се реализира во различни домени од нивниот делокруг, а со цел поефикасна примена на законските прописи од областа на сметководството и Законот за државната статистика кој ја регулира работата на Државниот завод за статистика како координатор на статистичкиот систем на државата и главен производител на статистички информации, притоа применувајќи ги начелата на стручна независност, неутралност, објективност, сигурност, статистичка доверливост и рационалност.

## ОБВРСКИ НА СТРАНИТЕ

### Член 2

**ДЗС и КС се согласуваат со следново:**

- Поттикнување, развивање и обезбедување на сите облици на соработка помеѓу ДЗС и КС, како и зголемување на потенцијалите за нивна медиумска промоција;
- Размена на податоци и нивно ажурирање сè со цел успешно спроведување на одредбите на овој Меморандум;
- Поттикнување и развој на сите форми на меѓусебна соработка помеѓу двете институции и градење партнерски односи;
- Воспоставување отворен, транспарентен и формален однос помеѓу ДЗС и КС. Ова значи одржување формализирани состаноци на оперативно ниво кога за тоа ќе се препознае потреба поврзана со дејствувањето кај некоја од организациите потписнички;
- Овозможување поефективно и поефикасно собирање статистички податоци со намалување на административниот товар за членовите на КС;
- КС е посветена да даде придонес во спроведувањето на законите и на новите сметководствено-финансиски стандарди, процедури кога тоа ќе го побара ДЗС со цел нивна имплементација во статистичката продукција.

**Страните исто така се согласуваат:**

1. Да учествуваат активно во давањето поддршка на процесот на квалитетно финансиско известување со цел добивање точни, прецизни и сеопфатни податоци што се предмет на статистички анализи;
2. Да подготвуваат и организираат настани, обуки, конференции за релевантните закони, регулативи, процедури и сметководствената пракса, со цел подигнување на нивото на знаење и разбирањето на вработените во ДЗС и на членовите на КС;
3. Да објавуваат упатства, совети и насоки преку социјалните медиуми, во весниците, списанијата и/или на веб-страниците на ДЗС и на КС со цел минимизирање на ризиците од неинформираност за тековните измени во релевантните закони, регулативи, процедури и сметководствената пракса;
4. Да организираат отворени дискусии и конференции за модернизирање и поедноставување на финансиската евиденција и за подобрено финансиско известување;
5. Заеднички да се консултираат ако имаат намера да иницираат процеси за измени во регулативата, а кои ќе имаат импликации врз работењето на другата организација потписник.

## КООРДИНАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА

**Член 3**

(1) Потписниците на Меморандумот ќе расправаат за прашања поврзани со остварување на целите на Меморандумот, како и за други дополнителни активности што ќе произлезат од него, согласно со претходно утврдена динамика.

(2) Потписниците на Меморандумот ќе обезбедат меѓусебна соработка и поддршка вклучувајќи координираност во комуникацијата, имплементација на преземените активности и меѓусебно информирање и известување.

## ДОВЕРЛИВОСТ И ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

**Член 4**

(1) Доверливите податоци што ќе бидат обезбедени ќе се користат единствено од страна на Државниот завод за статистика за интерни потреби и исклучиво за статистички цели, без можност трети лица да имаат пристап до нив, ниту пак на кој било начин да станат достапни или јавни,

(2) За користење на податоците ќе се обезбеди соодветна заштита, согласно со Законот за државната статистика и други важечки прописи.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 5**

(1) Овој Меморандум може да биде дополнет или изменет со анекс, по барање на страните потписнички.

(2) Секоја од страните потписнички може да го раскине овој Меморандум со писмено известување до другата страна потписничка, 30 дена пред настапувањето на прекинот на важењето на Меморандумот.

**Член 6**

(1) Овој Меморандум влегува во сила на денот на потпишувањето од двете договорни страни и се склучува на неопределено време.

(2) За конкретна реализација на одредбите од Меморандумот, по потреба се изработуваат дополнителни договори и други правни акти.

(3) Меморандумот е составен на македонски јазик, во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) идентични примероци за секоја од страните.

| | |
|---|---|
| Комора на сметководители | Државен завод за статистика |
| Благоја Грозданов | д-р Дејан Станков |
| Претседател | Директор |

Во Скопје, на ден 17.01.2025 година.